Cancer Council

Macedonian

# Рано откривање на рак на јајникот

# Early detection of Ovarian Cancer

**Секоја година повеќе од 1200 австралиски жени се дијагностицираат со рак на јајникот. Главниот ризичен фактор за заболување од рак на јајникот е стареењето, при што над 80 проценти од жените се дијагностицираат кога тие се постари од 50 години и просечната возраст кога се поставува дијагнозата е 64 години. Ракот на јајникот може тешко да се дијагностицира во раниот стадиум, главно заради тоа што симптомите може да бидат неодредени и слични на симптомите на други вообичаени болести.**

## Дали постои тест за проверка за рак на јајникот?

Моментно, не постојат тестови кои се доволно ефикасни за да се воведе програма за тестирање на населението за рак на јајникот. Во дополнение, не постојат докази кои упатуваат на тоа дека тестирањето ќе ја намали стапката на смртност предизвикана од рак на јајникот.

## Што е CA-125 тест на крвта?

CA-125 тестот на крвта може да се користи за да помогне да се постави или исклучи дијагноза на рак на јајникот. CA-125 е протеин кој се наоѓа во крвта и кој може да се создава во канцерогените клетки на јајникот. Меѓутоа, постојат други причини за зголемено ниво на CA-125, на пример, при менструација, ендометриоза или цисти на јајникот.

Тестот за утврдување на нивото на CA-125 дава посигурни резултати кај жени кои поминале низ климактериум. Кај половина од сите жени со рак на јајникот во ран стадиум, нивото на CA-125 не е покачено. Токму заради овие причини, тестирањето на CA-125 не се препорачува како тест за проверка за жени кои немаат симптоми.

За оние жени кои имаат симптоми, не може да се користи само CA-125 тестот за да се испитаат симптомите. За да се постави дијагноза на рак на јајникот треба да се користи трансвагинален ултразвучен преглед заедно со CA-125 тестот.

## Што е следење на случаи?

Следењето значи надгледување на жени кои моментно немаат симптоми на рак на јајникот, меѓутоа се изложени на зголемен ризик да заболат од болеста заради нивната семејна историја.

## Што да правам ако имам семејна историја на рак на јајникот?

Важен ризичен фактор за заболување од рак на јајникот е генетската семејна историја на рак на јајникот. Семејната историја на рак на дојката и/или рак на дебелото црево исто така претставуваат ризичен фактор. Меѓутоа, само 5 до 10 проценти од сите случаи на рак на јајникот се поврзани со семејната историја. Ризикот да заболите од рак на јајникот се зголемува со бројот на заболени најблиски роднини (родители, сестри, деца).

Кај Ашкенази еврејските жени со семејна историја на рак на дојката или јајникот, нивното еврејско потекло се смета како дополнителен фактор на ризик. Ако имате семејна историја на рак на јајникот или дојката, зборувајте со вашиот доктор.

## Каков вид на надгледување постои ако сум изложена на зголемен ризик?

Ако сте изложени на зголемен ризик од рак на јајникот, можеби ќе биде соодветно да се следи вашата состојба. Меѓутоа, важно е да ги знаете тековните ограничувања. Не постојат докази кои убедливо покажуваат дека надгледувањето има позитивно влијание на фазата на дијагнозата или на спречувањето на смртност од рак на јајниците кај жени кои се изложени на ризик.

## На кои симптоми треба да внимавам?

Симптомите кои може да укажуваат на рак на јајникот се неодредени и може да вклучуваат една или повеќе од следните работи:

- Надуеност на стомакот или чувство на заситеност.
- Губење на апетит.
- Необјаснето зголемување на телесната тежина.
- Затвор/тврда столица.
- Киселина во стомакот.
- Болки во грбот, стомакот и карлицата.
- Често мочање.
- Преморeност.
- Лошо варење на храната.
- Болки при сексуални односи.

Овие симптоми често се јавуваат при почести, помалку сериозни здравствени проблеми и повеќето жени некогаш ќе ги имаат овие симптоми. Меѓутоа, ако забележите било какви невообичаени промени или ако симптомите не поминуваат, посетете го вашиот доктор.

**Запамтете, ако сте загрижени или имате прашања, ве молиме стапете во контакт со вашиот доктор.**

## Каде можам да добијам веродостојни информации?

**Информативна линија на Советот за рак (Cancer Council Helpline) на 13 11 20**

Информации и поддршка за вас и вашето семејство по цена на локален телефонски повик од било каде во Австралија.

**Интернет страниците на совет за рак (Cancer Council) www.cancercouncil.com.au**

**Служба за преведување и толкување 13 14 50**

***Австралискиот совет за рак му се заблагодарува на Националниот центар за рак на дојката и јајникот за нивниот придонес при подготвувањето на овој информативен лист .***

CAN10239MA 11/12